ROMA EDUCATION FUND

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 14-2416/1
09-03-2020 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

**Јавен оглас**

**За избор на локални фасцилитатори и експерти -обучувачи во рамки проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“**

Во рамки на проектот: „Инклузија на децата Роми во предучилишно образование", Министерството за труд и социјална политика во партнерство со Ромскиот образовен фонд од Будимпешта објавува конкурс **за ангажирање на 16 фасцилитатори** и по 5 **експерти-обучувачи** (социолог, психолог, нутриционист, стоматолог и педијатар) во секоја од наведените општини: Гази Баба, Карпош, Чаир, Центар, Виница, Кочани, Берово, Делчево, Пехчево, Дебар, Кичево, Прилеп, Битола, Неготино, Кавадарци и Струмица. Во секоја општина ќе биде ангажиран по еден фасцилитатор и по 5 експерти од наведените профили.

**<u>Опис на проектот</u>**

Проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование", го имплементира Министерството да труд и социјална политика, во соработка и финансиска поддршка од Ромскиот Едукативен Фонд – Будимпешта од 2006 година. Целта на проектот е зголемување на бројот на деца Роми во Јавните општински установи на возраст од 3 – 6 години (како приоритетна група), надминување на стереотипите и предрасудите, подобрување на социјалните вештини и знаењето на македонскиот јазик на децата Роми и целосна поддршка при раниот детски развој. Проектот има за цел да придонесе и за зголемување на стапката на запишување на децата Роми во прво одделение, подобрување на родителските способности кај родители Роми, зајакнување на врската помеѓу родителите и предучилишните установи и подигнување на квалитетот на наставата и учењето.

**<u>Избор на 16 фасцилитатори</u>**

Локалните фасцилитатори ќе посетат тренинг со цел да ги подобрат нивните вештини за предвидените проектни активности. Фасцилитаторот треба да поседува комуникациски вештини, да биде свесен за проблемите и

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА · MINISTRIA E PUNËS DHE POLITIKËS SOCIALE

Scanned with CamScanner

ROMA EDUCATION FUND

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

потребите на лицата во заедницата, како и за краткорочните и долгорочни цели на проектот, да демонстрира емпатија и да ја стекне довербата во заедницата. Фасцилитаторот треба да ги мобилизира индивидуите и на истите да им помага во насока на постигнување на целите предвидени со проектот.

**Критериуми кои треба да ги исполнуваат фасцилитаторите:**

- Завршено минимум средно образование
- Основно познавање на компјутерски вештини ( Microsoft office пакет)
- Одлични вештини во комуникација
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на проектот.
- Познавање на ромската заедница во соодветната општина ќе се смета за предност.

**Избор на 16 експерти –обучувачи**

Се бараат експерти-обучувачи од следните профили:

- Психолог
- Социолог
- Стоматолог
- Педијатар и
- Нутриционист

**Критериуми кои треба да ги исполнуваат експертите:**

- Завршено високо образование
- Да има најмалку 1 година искуство во работата
- Претходно искуство со сличен ангажман ќе се смета за предност
- Основно познавање на компјутерски вештини ( Microsoft Office пакет)
- Одлични вештини во комуникација
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на проектот, работа со рокови

Scanned with CamScanner

ROMA EDUCATION FUND

Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да достават CV и мотивационо писмо најдоцна до 13.03.2020 година до 16:30 часот на препорачано писмо, наследната адреса:

Министерство за труд и социјална политика

Ул. Даме Груев, број 14

1000 Скопје

**Со назнака:** Сектор за координација и техничка помош на министерот, Одделение за импелементација на Стратегијата на Роми.

За дополнителни информации можете да се обратите секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот на тел. бр. (02) 223 834 или на следната е-маил адреса:TKrstevska@mtsp.gov.mk

Scanned with CamScanner